СВР Скопје-Единица за насилен криминал со кривична пријава, до надлежното ОЈО Скопје, поднесе кривична пријава против З.Љ.(35) и А.Љ.(41) поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи", казниво по член 396 од Кривичниот законик.

На 07.12.2019 околу 05.45 часот, кога на повеќе локации во с.Грчец, меѓу кои и во домовите на пријавените, се извршени претреси врз основа на судска наредба, полициски службеници не ги затекнале пријавените во своите домови.

Притоа, за време на претресите во с.Грчец, полициски службеници, кои го обезбедувале поширокиот периметар во с.Грчец, забележале осум лица, од кои еден од нив имал автоматска пушка. Притоа, дел од тие лица влегле во џип „Либерти", по што почнале да бегаат со него, но потоа го оставиле возилото и се дале во бегство. Во оставеното возило биле пронајдени и подигнати автоматска пушка „АК-47" – Калашников со кал.7.62х39мм, пиштол „Застава М57" кал.7.62х25 мм и пиштол „Застава М88" кал.9ммPara. По извршеното вештачење биле утврдени траги од пријавените.

На 26.01.2020 првопријавениот З.Љ. се пријавил во Полициската станица Ѓорче Петров,по што е предаден до надлежното Основно јавно обвинителство за понатамошно постапување, додека за второпријавениот А.Љ., е распишан централен распис.

Share 0 Tweet

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)